РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12 - 5028/2
04 -08- 2021

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од непознат подносител, продолжението на 50-та седница одржано на ден 22.07.2021 година донесе

**ОДЛУКА**

Пријавата број 12-5028/1 од 30.10.2019 година доставена од страна на непознат подносител **СЕ ОТФРЛА**.

Поднесената пријава не содржи елементи со конкретни наводи за загрозување на јавниот интерес поради постапувања на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службена должност .

Предметот со број 12-5028 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-5028 од 2019 година е оформен врз основа на пријава – Информација бр. 12- 5028/1 од 30.10.2019 година, од непознат подносител - анонимна пријава.

Со пријавата се изразува незадоволство од работењето на Градоначалникот на Општина ------------------ за која како што се вели во пријавата ,,со некои постапки и дејствија што ги прави се со материјална позадина и се збогатува лично и нејзиниот круг на лица околу неа".

Во пријавата се наведени сомневања дека во Општина ----------- одобрение за градење добивало само едно лице - ---------------- (не е наведено презиме на лицето) од с.------------------ за кое кај пријавителот постои сомневање дека има регистрирано фирма ,,--------------", кое лице пак имало тесна фамилијарна врска со В.Д. раководителот на секторот за урбанизам во општината, дека постои отстапување од „даденото одобрение за градба на ул. ------------" за што како одговорни се посочени В.Д. раководителот на секторот за урбанизам во Општина ------------ --како и Градоначалникот на Општина ----------. Пријавителот барања испитување на трошењата на општината за превоз на учениците од средните училишта во -------------, за кои укажува на постоење на спогодба, без посочување на правното лице за што како што му кажале има информации за наводно одложување на плаќањата, заради остварување на корист (процент), за што самиот пријавител се согласува дека е тешко да се докаже.

Исто така без наведување на име и презиме, туку само со опис, посочува вработени во општината кои се вклучени во процесот на легализација на објект, вработени кои примале плата од Општина ------------, а се наоѓале на работа во странство (Германија, Кувајт), понатаму, неправилности во работењето на секторот за финансии во врска со периодот за проценка на договорите за купопродажба, а се наведени и укажувања за можност за злоупотреба при брза

измена на деталниот урбанистички план на место во близина на --------------, без притоа да бидат наведени точни податоци.

Во пријавата нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, поради што Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до
-Архива

Изработил: К.З., Советник
Одобрил: К.Н.., Член на ДКСК